Република Северна Македонија

Министерство за правда

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ПРИМЕНАТА НА
# ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Скопје, март 2020 година


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

# С О Д Р Ж И Н А

Вовед стр. 3
I.ЗАКОНСКА РАМКА--------------------------------------------------------4
- Подзаконски акти за примарна правна помош---------------------6
- Подзаконски акти за секундарна правна помош-------------------7

II. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ-------------------------------------------11
- Табеларен преглед за период од 01.01.-31.09.2019--------------------11
- Табеларен преглед за период од 01.10 – 31.12.2019-------------------14

III.Регистри на бесплатна правна помош---------------------------------18
-


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

# ВОВЕД

Законот за бесплатна правна помош (“Службен весник на Р.М”, бр. 161/09, 185/11, 27/14 и 104/15 ) е донесен во декември 2009 година со одложена примена во јули 2010 година. Законот до декември 2015 година претрпе три измени, и тоа: во декември 2011 година, февруари 2014 година и јуни 2015.

Со измената од 2011 година се изврши проширување на опфатот на категориите на лица кои можат да се јават како корисници на правото на бесплатна правна помош, односно беше предвидено дека како лица баратели на бесплатна правна помош можат да се јават барателите на право на азил на територија на Република Македонија.

Измените и дополнувањата од 2014 година се однесуваат на усогласување на Законот за бесплатна правна помош со Законот за правда на децата (“Службен весник на Р.М”, бр. 148/2013 ). Со оваа измена се предвиде дека бесплатна правна помош се одобрува на деца во ризик и деца кои се инволвирани во прекршочни и кривични постапки приведени во полициска станица. Воедно предвидени беа и условите кои треба да ги исполнат овие баратели за да може да го остварат правото на бесплатна правна помош како и постапката за одобрување и тарифата за исплата на награда на адвокатите за укажаната помош во овие постапки.

Измената од 2015 година е во насока да се обезбеди електронско поврзување на Министерството за правда со Агенцијата за катастар на недвижности. И покрај тоа што оваа измена е позитивна, во пракса не се применува бидејќи не се создадени сеуште услови за електронско поврзување на институциите.

Од практична гледна точка, евидентно е дека сегашниот Закон за бесплатна правна помош предвидува кумулативно исполнување на доста строги услови со цел остварување на правото на бесплатна правна помош, па оттука се наметна потребата од негово разработување при што најголем акцент се стави на реалните потреби на граѓаните, правните проблеми со кои најчесто се сретнуваат, како и утврдување на можностите за олеснување на условите за стекнување со правото на бесплатна правна помош.

На 20 декември 2015 година, Министерството за правда на Република Латвија заедно со Министерството за правда на Хрватска започнаа со имплементација на проектот “Зајакнување на владеењето на правото” во Република Македонија, и една од главните цели на проектот е подобрување

на системот на бесплатна правна помош. Министерството за правда на Република Македонија се приклучи кон овој проект, пошто беште ангажиран експертот од Совет на Европа и заедно со претставници од Министерство за правда работеа на подобрување на системот на бесплатна правна помош во Ребублика Македонија.

Поради тоа Министерството за правда пристапи кон подготовки и изготвување на нов Закон за бесплтна правна помош и беше формирана работна група во Министерството за правда во која активно учество земаа и претставници од други органи на државната управа, како што се претставници од Центар за социјална работа Скопје, Адвокатска комора на Република Македонија, Министерство за внатрешни работи, невладини организации и претставници од основните судови

Кон крајот на декември 2017 година, Законот беше подготвен како Нацрт Закон и е доставен во Влада во понатамошна процедура.

***Законот за бесплатна правна помош од 2019***

Во Мај 2019 година после период од повеќе од две години работа на него, Собранието на РСМ (законодавниот дом) го усвои новиот ЗБПП. Со оглед на обемот на новитети во него, беше предвиден период од шест месеци[1] одложен почеток на спроведување на законот по неговото прогласување и стапување на сила[2]. Наведената причина за ова меѓу другото беше потребата да се усвојат значителен број подзаконски акти (17), како и да се децентрализира процесот на одлучување преку издавање овластувања со цел некои од вработените во некои од подрачните единици да одлучуваат за допуштеноста на барањата за правна помош.

Законот почна да се применува на 1 октомври 2019 година со што престана да важи стариот ЗБПП[3] од 2010. Со него генерално се смени концептот на

[1] Член 50 од ЗБПП.
[2] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/2019.
[3] Службен весник на Република Македонија бр. 161/2009, 185/11, 27/14 и 104/15.

системот на правна помош. Наместо да прецизира правни прашања за кои може да се одобри правна помош, ЗБПП има полиберален пристап и може да обезбеди пристап до правна помош за сите правни прашања, со исклучок на оние коишто се експлицитно исклучени. Покрај ова има пет други новини[4] коишто можат да се идентификуваат како потенцијален предизвик во спроведувањето:

- **Можноста за МП да обезбеди директна финансиска поддршка (грантови) за овластените здруженија и правни клиники за проекти коишто вклучуваат обезбедување примарна правна помош;**
- **Децентрализацијата на процесот за одлучување од Министерството за правда на мрежа на овластени службени лица во подрачните одделенија на Министерството. Одлуките ќе се во облик на реален акт. Министерството ќе одлучи второстепено по поднесувањето на приговори и ќе одлучи со управен акт;**
- **Доделувањето на секундарна правна помош исто така ќе вклучи и ослободување од судски или административни такси, други процедуралните трошоци, како и трошоците за вештачење.**
- **Олеснувањето на условите за *утврдување на имотната состојба (приходи и имот)* за да се додели секундарна правна помош со што се очекува да се зголеми бројот на баратели.**
- **Обврска за поактивен надзор и контрола од страна на МП на давателите на правна помош.**

Со почетокот на спроведувањето на ЗБПП, министерот за правда издаде 19 овластувања за вработени во подрачните одделенија со што вториот чекор кон децентрализација е направен (усвојувањето на ЗБПП беше првиот чекор). Подрачните одделенија без овластувања немаат персонал со соодветно ниво на образование (Кочани, Штип, Струмица, Гевгелија, Кавадарци, Дебар, Кичево, Македонски Брод, Велес и Прилеп). Меѓутоа Министерството објави

[4] Забелешка: Иако новиот Закон воведува значителен број на нови решенија заради поголема јасност, акцент ќе се стави само на оние новини чие спроведување може да биде погодено од подзаконските акти и други постоечки закони.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

оглас за вработување за некои од овие подрачни одделенија и во наредниот период може да се очекува зголемување на бројот на ПО со овластено службено лице.

***Усвоените подзаконски акти што се неопходни за спроведување на ЗБПП***

Во септември и првата половина од октомври 2019 Министерството за правда ги усвои и објави 17-те подзаконски акти предвидени во ЗБПП.[5] Процесот на изготвување на подзаконските акти започна во јули 2019 година со учество и поддршка од Фондацијата Отворено општество Македонија и Македонското здружение на млади правници. Долу има листа на сите усвоени подзаконски акти со краток опис иако нивните наслови во голема мерка ја објаснуваат и содржината на истите. Подзаконските акти се групирани според типот на прашања што ги регулираат а се објавени во (”Сл.весник на РСМ бр.199/2019”).

**а. Подзаконски акти за примарна правна помош**

***1. Правилник за формата и содржината на барањето за упис во регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош и во регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош***

Овој Правилник ја пропишува формата на барањето за упис на здруженија и правни клиники за давање примарна правна помош и ги набројува документите што треба да се поднесат заедно со барањето во поткрепа на истото.

[5] Подзаконските акти беа објавени во Службен весник на РСМ бр. 199/2019 и 214/2019.

***2. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош и регистарот на правни факултети овластени за давање примарна правна помош***

Доста технички и едноставно овој Правилник ја пропишува формата на регистарот на даватели на примарна правна помош.

***3. Правилник за минималните просторни и технички услови кои треба да ги исполнуваат здруженијата заради запишување во регистарот на здруженија овластени за давање примарна правна помош***

Овој Правилник ги утврдува минимумот стандарди и техничката опрема за работните простории што здруженијата мора да ги исполнат за да бидат овластени за давање примарна правна помош. Исто така бара просториите задолжително да бидат достапни за лица со физичка попреченост и оштетен вид.

***4. Правилник за содржината, формата и начинот на водење евиденција за податоците што се однесуваат на дадената примарна правна помош и содржината на извештаите кои ги доставуваат здруженијата и правните клиники до Министерството за правда***

Покрај обезбедувањето на обрасци за организацијата на податоците и извештаите, овој Правилник дава основ за собирање напредни податоци поврзани со лицата што бараат примарна правна помош, нивни демографски податоци, како и информации за правните прашања за кои тие бараат правна помош.

***5. Правилник за образецот на трошковникот за обемот на извршената работа од здруженијата и правните клиники***

Овој Правилник го пропишува образецот на трошковникот за давателите на примарна правна помош за завршената работа.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

***6. Тарифа за надомест на трошоците за работа на здруженијата и правните клиники за давање на примарна правна помош***

Тарифата го пропишува надоместокот што давателите на примарна правна помош можат да го побараат за давање одредени форми на примарна правна помош.

***7. Правилник за начинот на распишување и спроведување на јавниот конкурс за доделување на финансиски средства за давање на примарна правна помош на овластените здруженија и правните клиники даватели на примарна правна помош, проверката на поднесените документи, начинот на бодување при оценување на пријавите и вршењето на контрола на трошењето на средствата***

Со овој подзаконски акт Министерството дополнително го става во функција концептот за финансирање на здруженија и правни клиники за проекти чија цел е да се обезбеди примарна правна помош. Покрај тоа што ги пропишува обрасците, тој исто така вклучува и правила за оценка на барањата.

**б. Подзаконски акти за секундарна правна помош**

***8. Правилник за формата и содржината на барањето за секундарна правна помош***

Овој Правилник ја пропишува формата на барањето за секундарна правна помош. Образецот е сеопфатен, ги вклучува сите релевантни изјави и информации во еден документ (податоци за приходите, лични податоци и овластување за собирање податоци

***9. Правилник за содржината, формата и начинот на водење евиденција за податоците што се однесуваат на решавањето на поднесените барања и содржината на извештаите***

Со овој Правилник Министерството за правда формира регистар на предмети каде што се евидентираат сите примени барања. Регистарот


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

доделува број на предметот и овозможува следење на напредокот на предметот и собирање на податоци.

***10. Правилник за начинот на постапување при прием на барање за секундарна правна помош***

Со овој подзаконски акт детално, чекор по чекор, се регулираат обврските на овластените службени лица кога постапуваат по прием на барања за секундарна правна помош.

***11. Правилник за начинот за назначување на адвокат***

Овој Правилник придонесува за воспоставување систем на правично и соодветно назначување адвокати по азбучен ред од локалната заедница на адвокати. Дополнително, нуди можност во случаи кога корисникот на правна помош веќе дал полномошно во процедура што е во тек пред да се побара правна помош, и понатаму да биде застапуван од неговиот адвокат, под услов адвокатот да е на листите за правна помош.

**в. Подзаконски акти во врска со адвокатите**

***12. Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за запишување во регистарот на адвокати за секундарна правна помош***

Овој Правилник ја пропишува формата на образецот на барањето за запишување во регистарот на адвокати за секундарна правна помош.

***13. Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на адвокати за секундарна правна помош***

Овој Правилник ја пропишува содржината на регистарот на адвокати за секундарна правна помош. **Меѓутоа, овде е неопходно регистарот да ги вклучува и адвокатите што даваат правна помош на деца во предмети во областа на малолетничката правда.**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

***14. Правилник за образецот на трошковникот за дадената секундарна правна помош од адвокат***

Доста едноставен и технички Правилник за утврдување на трошковникот.

**г. Подзаконски акти поврзани со конкретните постапки за правна помош**

***15. Правилник за образецот на доставениот трошковник од страна на адвокатот за дадената правна помош на деца***

Доста едноставен и технички Правилник за утврдување на образецот на трошковникот.

***16. Правилник за образецот на барањето за бесплатна правна помош во постапка за признавање на право на азил***

Сеопфатен образец што ги опфаќа сите неопходни податоци и вклучува и превод на англиски јазик.

***17. Правилник за образецот на трошковникот за дадената секундарна правна помош од страна на адвокат во постапка за признавање на право на азил***

Доста едноставен и технички Правилник за утврдување на образецот на трошковникот.

д. Во извештајниот период направен е и напредок од страна на адвокатска комора на Република Северна Македонија и донесена е одлука за измена и дополнување на тарифата за награди и надоместок на трошоците за работа на адвокатите (”Сл.весник на РСМ, бр.262/19”), со која се олесни на Министерство за правда во правење пресметки и донесување на решенија за надоместок на трошоците на адвокатите, каде за одредени дејствија сумите се намалени, а најголема новина е што само за одржаните судски рочишта ке се исплаќа.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

***ЗБПП и друго релевантно законодавство***

Областа што ја регулира ЗБПП и неговите цели во својата суштина се опфатени и со други закони. Основната функција на ЗБПП е да се воспостави механизам за олеснување на пристапот до правда во посебни постапки (граѓански, административни, пред нотари и извршители, итн.). Секоја од овие постапки се регулирани со посебни закони и се водат од посебни принципи коишто во предвид ги земаат специфичностите на прашањата за кои се усвоени постапките. Некои од овие закони дури поседуваат и одредби со коишто се регулира можноста за ослободување од трошоците за сиромашни странки и/или за назначување на адвокат.
Како резултат на тоа не е невообичаено да има преклопување (повеќе закони да регулираат идентични ситуации), недоволно регулирање (еден закон упатува на друг закон, но тој закон да не ја регулира детално конкретната ситуација) и правни дупки (отсуство на прописи). Овие три сценарија исто така можат да предизвикаат проблеми во спроведувањето на законот. Како резултат на тоа неопходно е да се идентификува или анализира како ЗБПП е поврзан со другото релевантно законодавство.

Согласно на член 44 од законот, Министерството за правда изготвува Годишен извештај за бесплатна правна помош за активностите поврзани со обезбедување на правната помош и истиот го доставува до Владата на Република Северна Македонија како и го објавува на својата веб страна.

Извештајот особено содржи податоци за:

- Бројот на лицата на кои им била дадена примарна правна помош
- Бројот на поднесени барања за секундарна правна помош
- Бројот на одобрени барања за секундарна правна помош
- Бројот на одбиени барања за секундарна правна помош
- Бројот на донесени решенија со кои се прекинува одобрената секундарна правна помош
- Правна работа за која се одобрува или се одбива правната помош
- Број на здруженија кои даваат примарна правна помош

- Број на правни клиники кои даваат примарна правна помош
- Број на адвокати кои даваат секундарна правна помош
- Буџет наменет за бесплатна правна помош
- Износ на средства исплатени за бесплатна правна помош
- Износ на вратени средства од наплатени трошоци за правна помош.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

## II. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ[6]

### *Поднесени барања за бесплатна правна помош*

Во Република Македонија барањата за бесплатна правна помош може да се поднесат до подрачните одделенија на Министерството за правда. Во текот на 2018 година до подрачните одделенија биле поднесени вкупно ***156*** барања за остварување на правото на бесплатна правна помош.

**Преглед по одделни Подрачни одделенија:**

**Статистички преглед за период 01.01.-31.09.2019**

| Подрачно одделение | Број на лица на кои им било дадена примарна правна помош | Број на поднесени барања за секуданрна правна помош | Број на одобрени барања за секуданрна правна помош | Број на одбиени барања за секундарна правна помош | Број на донесени решение со кое се прекинува одобрената секундарна правна помош | Правно барање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Крушево | 3 | 1 | / | / | 1 | Развод на брак |
| Крива Паланка | / | / | / | / | / | / |
| Берово | 37 | 2 | 1 | / | 1 | Развод на брак; Оспорување на |

[6] Статистичките податоци се однесуваат за период од 01.01.2019 – 31.12.2019 година. Збирот на донесени решенија за бесплатна правна помош во текот на една календарска година може да не одговара со бројот на вкупно поднесени барања за наведениот период. Ова од причини што во текот на 2019 година може да се одлучувало по барање доставено на крајот на 2018 година. Исто така дел од барањата кои се поднесени на крајот на 2019 година а се решени во 2020 година, не се предмет на оваа статистика. Понатаму, по едно поднесено барање за бесплатна правна помош, можат да бидат донесени повеќе од едно решение. Така доколку по одобрена бесплатна правна помош, се изменат околностите кои довеле до одобрување на истата, се носи ново решение со кое се запира користењето на одобрената бесплатна правна помош. Истото важи и за случаи кога по одобрена бесплатна правна помош адвокатот оцени дека не постојат правни факти врз кои би можела да се води постапката.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | договор за купопродажба на стан |
| Битола | 25 | 5 | 3 | 2 | / | Развод на брак, Имотно правно прашање; Утврдување татковство |
| Македонски Брод | 1 | 1 | 1 | / | / | Застапување на одлука за промена на издршка |
| Виница | 3 | / | / | / | / | / |
| Валандово | / | 2 | 1 | 1 | / | Алиментација; Развод на брак |
| Гевгелија | 3 | 1 | 1 | / | / | Развод на брак |
| Гостивар | 7 | 1 | / | 1 | / | Развод на брак |
| Дебар | 5 | / | / | / | / | / |
| Делчево | 7 | / | / | / | / | / |
| Демир Хисар | | | | | | |
| Кавадарци | 8 | 5 | 3 | 2 | / | Надомест на штета; Промена на одлука за вршење на родителско право; Заштита на дете; заштита на жртва од кривично дело; |
| Кичево | 10 | 2 | 1 | / | 1 | Развод на брак |
| Кочани | / | 2 | 1 | 1 | / | Имотно правно прашање |
| Неготино | 1 | 2 | 2 | / | / | Развод на брак; Зголемување на издршка; |
| Охрид | 3 | 2 | 1 | 1 | / | Развод на брак; утврдување на татковство |
| Ресен | / | / | / | / | / | / |
| Свети Николе | 0 | 3 | 3 | / | / | Развод на брак, Изрекување на привремена мерка |
| Струга | 5 | 2 | / | 2 | / | Развод на брак |
| Струмица | 17 | 11 | 5 | 4 | 2 | Заштита од семејно насилство |


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Развод на брак надомест на штета од насилсто; Утврдување на татковство |
| Тетово | 1 | 6 | 2 | 4 | / | Развод на брак; Имотно правно прашање; Судска постапка за надомест на штета |
| Куманово | / | 23 | 8 | 12 | / | Развод на брак; обивање на старателство; Поништување на договро за подарок на недвижен имот ; Делба на имот |
| Штип | / | 6 | 3 | 3 | / | Споредување на договор за издршка; Неплаќање на алиментација,развод на брак; Развод на брак |
| Карпош | 12 | 5 | 2 | 3 | / | Надомест на штета; Законска Издршка од сопругот; Утврдување на татковство; Оставинска постапка; Оспорување на татковство |
| Кисела Вода | 7 | 6 | 3 | 2 | 1 | Развод на брак; Имотно правно прашање; Надомест на штета. |
| Гази Баба | 11 | 10 | 3 | 7 | 1 | Алиментација ПИО; Имотно правно прашање; Развод на брак |
| Вкупно | 166 | 98 | 44 | 45 | 7 | |


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

## Статистички преглед за период (01.10-31.12.2019)

| Подрачно оддел. | Број на лица на кои им било дадена примарна правна помош | Број на поднесени барања за секундарна правна помош | Број на одобрени барања за секундарна правна помош | Број на одбиени барања за секундарна правна помош | Број на донесени решение со кое се прекинува одобрената секундарна правна помош | Правна работа |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Крушево | 7 | 4 | / | 4 | / | Социјална заштита; Однесување на вонреден правен лек против кривична пресуда |
| Крива Паланка | 3 | 5 | 4 | 1 | / | Развод на брак; Оставинска постапка; Надоместа на нематријална штета во случај на тежок инвалидитет; |
| Берово | / | / | / | / | / | / |
| Битола | 7 | 9 | 8 | 1 | 1 | Развод на брак; Имотно правно прашање; Утврдување нтатковтсво; Надомест на материјална штета; |
| Македонски Брод | / | / | / | / | / | / |
| Виница | / | 1 | 1 | / | / | Барање на надомест на нематеријална штета по основ колективно осигуррвање |
| Валандово | / | 5 | 4 | 1 | / | Заштита на семејно насилство; Развод на брак и заштита на малолетно дете; |
| Гевгелија | / | 1 | / | 1 | / | Старателство над малолтно дете |
| Гостивар | 3 | / | / | / | / | / |
| Дебар | 6 | / | / | / | / | / |


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification 1828

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Делчево | 3 | / | / | / | / | / |
| Демир Хисар | | | | | | |
| Кавадарци | 2 | 3 | 2 | 3 | / | Алиментација;<br>Стекнување без основ; |
| Кичево | 7 | 1 | 1 | / | / | Развод на брак |
| Кочани | 1 | 2 | / | 2 | / | Упис на дете во матична книга;<br>Склучување на брак со малолетник |
| Неготино | 2 | 5 | 2 | 3 | / | Развод на брак, Алиментација |
| Охрид | / | 2 | 2 | / | / | Алиментација;<br>ПИО |
| Ресен | 49 | / | / | / | / | / |
| Свети Николе | / | 2 | 1 | / | 1 | Развод на брак;<br>Изрекување на привремена мерка; |
| Струга | 4 | 1 | / | / | / | Имотно правно прашање |
| Струмица | 13 | 8 | 5 | 3 | / | Изрекување привремена мерка за заштита од семејно насилство;<br>Развод на брак и старателство над малолетни деца;<br>Семејно насилство; |
| Тетово | 9 | 3 | 2 | 1 | / | Одземање на деловна способност;<br>Надомест на штета |
| Куманово | 1 | 6 | 3 | 1 | 1 | Развод на брак;<br>Утврдување на татковство; |
| Штип | 4 | 6 | 3 | 3 | / | Имотно правно прашање;<br>Управна постапка; |
| Карпош | 7 | 6 | 5 | 1 | / | Постапка пред извршител;<br>Семеен спор;<br>ВПП<br>Утврдување наследник; |
| Кисела Вода | 2 | 2 | 1 | / | 1 | Алиментација; |
| Гази Баба | 3 | 5 | 2 | 2 | 1 | Имотно правен спор;<br>развод на брак |


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 133 | 77 | 46 | 28 | 5 | |

*Број на лица на кои им била дадена примарна правна помош*

Во периодот од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година примарна правна помош била дадена на 299 лица, односно двестадеведесетидевет граѓани добиле бесплатен правен совет во Подрачните одделенија на Министарство за правда.

*Број на поднесени, одобрени, одбиени барања за секундарна правна помош и број на решенија за прекин на одобрената секунарна правна помош.*

- Во периодот 01.01.-31.12.2019 година биле поднесени вкупно 175 барања за секундарна правна помош.

-одобрени се 90 барања, одбиени се 73 барања

-од одобрените барања за 44 се донесени решенија за одобрување и 46 се одобрени со потврди според новиот закон

-од одбиените барања за 42 се донесени решенија со кои не се уважува барањето и 28 известија за одбивање на барањето, согласно новиот закон.

-донесени се 12 решенија за прекин на одобрената секундарна правна помош

III. ***Регистри на бесплатна правна помош***

За давателите на претходна правна помош и правна помош во судски и управни постапки, Министерството за правда води регистри и истите се објавени на неговата веб страна.

Во Регистарот на адвокати за давање на правна помош запишани се нови <u>**40**</u> адвокати, по што вкупниот број на запишани адвокати за давање на правна помош до крајот на 2019 година изнесува <u>**396 адвокати**</u>**.**

***Во министерството за правда се води и регистер на овластени здруженија за давање примарна правна помош и овластени правни клиники за давање примарна правна помош.***

- ***Број на овластени Здруженија за давање примарна правна помош -10***
- ***Број на овластени Правни клиники за давање примарна правна помош - 3***

***Обемот на средства исплатени како награда за дадена правна помош***

1. Годишниот одобрен буџет за бесплатна правна помош за 2019 година изнесува 5.000.000,00 денари.

2. Годишниот реализиран буџет за бесплатна правна помош во 2019 година изнесува 1.176.072,00 денари.

3.Со буџетот на Министерство за правда за 2020 година, за БПП обезбедени се средства во висина од 5.000.000,00 денари, на буџетска сметка 637 - Програма 10 Администрација - Ставка 425 Договорни услуги.

4. Врз основа на Решенија на адвокати и адвокатски друштва во 2019 година исплатени им се средства во висина од 1.159.572,00 денари, а на Здруженија во 2019 година исплатени им се средства во висина од 16.500,00 денари.

***Обемот на вратени средства од наплатени трошоци во постапката за извршување***

- Во 2019 година нема извршено поврат на средства од наплатени трошоци за правна помош.

Подготвил:Орхан Сулимани, помлад соработник
Проверил: Весна Цекова, раководител на одделение
Одобрил: Faton Selami, државен секретар